Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-427
mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk

Согласно Програмата за месна самоуправа (капитални расходи) - ДА0, Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) Д10 на Општина Кисела Вода за 2025 година арх.бр.09-11562/9 од 27.12.2024 год. (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1 од 15 Јануари 2025 год.) и согласно Правилникот за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода бр.09-3882/15 од 24.04.2025 година општина Кисела Вода објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-4250/2
05-05-2025 20 год.

ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОПРАВКА И САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ЛИФТОВИ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2025 ГОДИНА

I. **Општи информации**

**1. Краток опис на програмата на Јавниот повик:**
Предмет на овој Јавен повик е финансиска поддршка за поравка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода за 2025 година односно користење на финансиски средства предвидени во Буџетот на општина Кисела Вода за 2025 година, со намена за надоместување на дел од трошоците направени за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода.
Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на општина Кисела Вода преку Програмата на секторот за Месна самоуправа од надлежност Д за 2025 година во износ од 600 000,00 денари.
Финансиските средства ќе се користат за делумен надомест на средствата на заедниците на сопственици на посебни делови и управителите на станбени згради искористени за поправка и санација на постоеќки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода во износ од 30% од вкупната вредност, но не повеќе од 200 000,00 денари.
**2.Право на учество на Јавниот повик имаат:**
Право на учество имаат сите влезови поединечно кои имаат регистрирано заедница на сопственици на станови или имаат избрано управител на станбените згради на подрачјето на општина Кисела Вода и кои ги исполнуваат условите пропишани во овој јавен повик и воедно ја доставиле потребната документација
**3.Потребна документација:**
-Образец бр.1 (барање за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода), достапен на WEB страната на општина Кисела Вода и во Архивата на општина Кисела Вода,
-Одлука за поправка и санација на постоечки лифт/ови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода потпишана од мнозинството сопственици на посебни делови на станбената зграда,
-Понуда од економски оператор со детален опис на позиции,
-Одлука или изјава со која се потврдува дека ќе се обезбедат 70% од потребните средства за поправка и санација на лифт/ови на нивната станбена зграда,
-Копија од жиро сметка на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметка што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда,
-Одлука донесена од станарите за избор на Претседател на заедницата на сопственици на станови или Договор за управувачки услуги (доколку работите на управувањето со станбената зграда се доверени на Управител),
-Мислење од независно тело со кое е утврдено дека лифтот е технички неисправен и чекори кои треба да се превземат за усогласување на лифтот со важечките стандарди.
**4.Критериуми и услови за учество:**
Барањата за финансиската поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода, заедниците на сопственици односно управителите на станбените згради го поднесуваат заедно со потребната документација во затворен плик преку Архивата на општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката.
Архивата на општина Кисела Вода примените барања ќе ги евидентира со точно време на поднесување (датум и час), заради воспоставување на редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата на база **прв дојден - прв услужен** и се до исполнувањето на вкупно предвидените финансиски средства од 600 000, 00 денари
**5.Комисија:**
-За утврдување на исполнетоста на условите за проектот за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на општина Кисела Вода, Градоначалникот на општина Кисела Вода донесе Решение за формирање на Комисија од 5 члена со арх.бр.**08-4250/1 од 30.04.2025** година,
-Комисијата е составена од Претседател и 4 члена,
-Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара дополнителна документација доколку смета дека е тоа потребно.
-Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата ја утврдува исполнетоста на предвидените критериуми и потребната документација и доставува Предлог до Градоначалникот на општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањета за добивање на предвидените финансиски средства
-Градоначалникот на општина Кисела Вода врз основа на Предлогот доставен од Комисијата носи Решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, подносителот писмено се известува за неусвојувањето од страна на Комисијата.
**6.Временска рамка и користење на средствата:**
-Јавниот повик ќе трае се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства но не подоцна од 31.10.2025 година започнувајќи со денот на објавувањето во печатен медиум на територијата на РС Македонија а ќе биде објавен и на WEB сајтот на општина Кисела Вода.
-Барањето за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да го подигнат од архивата или од WEB страната на општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.
-Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

**Напомена: Повикот е со важност до 31.10.2025 година сметано со денот на објавувањето!**
За доплнителни информации:
Контакт телефон: 02 2785-427

Комисија за спроведување и реализација за финансиска поддршка за поравка и санација на постоечки лифтови во станбени згради на подрачјето на општина Кисела Вода за 2025 година

**Барање за доделување на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови на подрачјето на Општина Кисела Вода**

## 1.Податоци за подносителот на барањето

Од________________________________________со ЕМБГ__________________________________________
(име и презиме на претседател на заедницата на сопственици на станови или управител)
со адреса на живеење на ул.____________________________, во својство на претседател на заедницата на сопственици на станови/управител на станбената зграда со седиште на ул.__________________________________.

## 2.Кон барањето ја поднесувам следната документација

• Одлука за поправка и санација на постоечкиот лифт/ови на станбени згради потпишана од мнозинството сопственици на посебни делови на станбената зграда;
• Понуда од економски оператор со детален опис по позиции;
• Одлука или изјава со која се потврдува дека ќе се обезбедат 70% од потребните средства за поправка и санација на лифт/ови на нивната станбена зграда;
• Копија од жиро сметката на заедницата на сопственици односно копија од жиро сметката што ја отворил управителот за потребите на станбената зграда;
• Одлука донесена од станарите за избор на претседател на заедницата на сопственици на станови или Договор за управувачки услуги (доколку работите на управувањето со станбената зграда се доверени на управител);
• Мислење од независно тело со кое е утврдено дека лифтот е технички неисправен и чекори кои треба да се превземат за усогласување на лифтот со важечките стандарди;

Барател - контакт тел:__________________________________

Адреса на барател:_______________________________________

Барател

___________________________ ___________________________
(датум на поднесување) (своерачен потпис)